Министерство за финансии
Сектор за управување со јавен дол

# Извештај за јавниот долг на Република Македонија за третиот квартал во 2007 година

## Содржина

1. Позначајни активности во третиот квартал на 2007 година....................................................2
2. Состојба на јавен долг ..........................................................................................................5
2.1. Структура на јавниот долг.................................................................................................6
2.2 Индикатори за ризик на портфолиото на јавниот долг .....................................................7
3. Повлечени средства по основ на надворешно и внатрешно задолжување..............................8
4. Сервисирање на вкупниот јавен долг......................................................................................9
5. Гарантиран јавен долг............................................................................................................9
6. Примарен пазар на државни хартии од вредност...................................................................10
7. Секундарен пазар на државни хартии од вредност.................................................................11
7.1 Македонска Берза...............................................................................................................11
7.2 Пазар преку шалтер.............................................................................................................12
8. Контакти.................................................................................................................................12

Скопје, декември 2007 година

# 1. Позначајни активности во третиот квартал на 2007 година

- ***Намалување на вкупниот јавен долг*** – Вкупниот јавен долг на Република Македонија во третиот квартал на 2007 година се намали за 73 милиони евра, односно за 1,3% во однос на БДП и изнесува 29,4%. Надворешниот јавен долг во јуни 2007 година изнесуваше 1.012,8 милиони евра и бележи благо намалување, така што на крајот на третиот квартал на 2007 година изнесуваше 993,9 милиони евра, односно бележи пад за 1,8%. Внатрешниот јавен долг во јуни 2007 година изнесуваше 662,9 милиони евра и до крајот на септември 2007 година, истиот се намали за 54,2 милиони евра, односно за 8,2%. Ова движење пред сé е резултат на редовното достасување на структурните обврзници.

- ***Емисија на континуирани државни хартии од вредност*** – во текот на вториот квартал од 2007 година беа издадени пет емисии на 3 месечни државни записи, две емисии на 6- месечни државни записи и една емисија на 12- месечни државни записи. Каматните стапки на државните записи во овој период го задржуваат трендот на намалување. Во овој извештај е прикажан краток осврт врз примарниот и секундарниот пазар, додека пазарот за држани хартии од вредност подетално е опфатен во публикацијата за пазарот на државни хартии од вредност која се издава двомесечно од страна на Секторот за управување со јавен долг - Министерство за финансии.

- ***Предвремен откуп на долгот кон Европска инвестициона банка -*** Министерството за финансии на 15 август 2007 година, изврши целосен предвремен откуп на два кредити од Европската инвестициона банка. Вкупниот износ на овие кредити изнесува 6,82 милиони евра, а со оваа операција на предвремен откуп во Буџетот на Република Македонија во наредните три години ќе се остварат каматни заштеди во износ од **385 илјади евра**. Станува збор за кредити наследени од поранешната СФРЈ за Проектот за изградба на транс-југословенски автопат. Овие кредити се деноминирани во различни валути (евра, швајцарски франци и јени) и имаат високи фиксни каматни стапки од 9,5% и 7,65%, што е далеку понеповолно од каматните стапки по кои може Република Македонија да се задолжува во моментот.

- На 11 јули 2007 година Република Македонија се потпиша **билатерален договор за консолидација и отплата на одредени долгови со Република Италија**. Се работи за долг на македонските претпријатија кои користеа кредити од Италија преку банки од другите републики од поранешна СФРЈ, во рамки на Парискиот клуб на кредитори.
  Имено, Република Македонија беше прва земја од останатите републики на поранешна СФРЈ која во 1998 година во рамките на Парискиот клуб на кредитори го регулираше долгот наследен од поранешна СФРЈ кон Италија. Сепак, во подоцнежниот период се појави дополнителен долг кој не беше опфатен со договорот од 1998 година. Со цел нивно регулирање, двете страни започнаа преговори на кои беа утврдени условите и начинот на регулирање на долгот кон Италија.
  Со Договорот се утврди долгот во износ од 6.785.821,75 ЕУР и 1,194,779,5 УСД да се репрограмира, и да биде целосно откупен заедно со останатиот долг кон Италија за кој веќе беше постигната согласност во рамките на Парискиот клуб на кредитори. Дополнително, долгот кој има третман на развојна помош во износ од 1.800.833,65 УСД е договорено да не се отплаќа, туку истиот да се замени (конвертира) со проекти од социо-развоен карактер, односно со проектот, „Компјутеризација на основното образование“, или алтернативно со проектите:
  - Проект за модернизација на царинската администрација-набавка на мобилен рентгентски систем за инспекција на возила со големи димензии и контејнери
  - Субвенционирање на вработување на самохрани родители, хендикепирани лица и

деца без родители
- Санација на свлечиште Рамнина во Велес

Договорот беше ратификован од страна на Парламентот на Република Македонија, по што би следел и целосниот откуп и на италијанскиот долг од страна на Република Македонија.

- ***Измени во условите за добивање на кредити кај Светска банка –*** Извршниот одбор на Светската банка на 27 септември 2007 година изврши одредени промени во утврдувањето на трошоците. Се работи за поедноставувањето на процедурите при склучување на нови заеми првенствено преку елиминирање на трошокот за ангажирани а неповлечени средства кој претходно изнесуваше 0,5% и преку редуцирање на постоечките маргини на заемите на Меѓународната банка за обнова и развој прикажани во табелата која е во прилог на оваа информација. Новите правила ќе бидат применливи за сите кредити кои ќе бидат склучени по 16 мај 2007 година.

| | Заеми со фиксна маргина ( нови услови) | Заеми со фиксна маргина (стари услови) | Заеми со варијабилна маргина (нови услови) | Заеми со варијабилна маргина ( стари услови) |
|---|---|---|---|---|
| Заеми во УСД | | | | |
| Трошок за камата | Либор + 0,05% | Либор + 0,52% | Либор-0,04% | Либор+0,38% |
| Заеми во ЕУР | | | | |
| Трошок за камата | Либор + 0,07% | Либор + 0,52% | Либор-0,04% | Либор+0,38% |

- ***Ново склучени заеми во третиот квартал од 2007 година –*** на 18 Септември 2007 година Министерството за финансии, во име на Владата на Република Македонија, потпиша Договор за задолжување кај Меѓународната банка за обнова и развој по основ на три проекти и тоа: Проект за зајакнување на земјоделството и пристапување, Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа (ТТФСЕ II) и Проект за Вториот Програмски заем за развојни политики (ПДПЛ II).

- Условите под кои се потпишани овие проекти се следните:

Проект за зајакнување на земјоделството и пристапување-

-износ: 15 милиони евра
-каматна стапка: ЛИБОР +/- варијабилна маргина[1]
-рок на отплата: 17 години
-грејс период: 5 години
-еднократна провизија за управување со заемот од 1%
-провизија за ангажирани и неповлечени средства: 0,75% годишно;

Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа (ТТФСЕ II)-

-износ: 15 милиони евра
-каматна стапка: ЛИБОР +/- варијабилна маргина
-рок на отплата: 17 години
-грејс период: 5 години
-еднократна провизија за управување со заемот од 1%
-провизија за ангажирани и неповлечени средства: 0,75% годишно;

1 Според последното известување од Светска банка варијабилната маргина за кредитите во евра изнесува -0,04 процентни поени

Проект за Вториот Програмски заем за развојни политики (ПДПЛ II)

-износ: 23,3 милиони евра
-каматна стапка: ЛИБОР +/- фиксна маргина[2]
-рок на отплата: 17 години
-грејс период: 5 години
-еднократна провизија за управување со заемот од 1%
-провизија за ангажирани и неповлечени средства: 0,75% годишно;

- Во третиот квартал на 2007 година е постигнато делумно **подобрување на карактеристиките на портфолиото на јавниот долг**, а со тоа и остварување на зацртаните таргети во Стратегијата за управување со јавен долг (2007-2009 година).

| **Таргети** | **Параметри на портфолиото заклучно со јуни 2007 година** | **Параметри на портфолиото заклучно со септември 2007 година** | **Таргети за перодот 2007 до 2009 година** |
|---|---|---|---|
| Однос меѓу вкупниот јавен долг и БДП | 28,2% | 27,5% | 37%-40% |
| Однос меѓу долгот на општа влада и БДП | 25,3% | 24,7% | 34%-37% |
| Однос меѓу вкупно гарантираниот долг и БДП | 2,6% | 2,5% | 3.7%-4.1% |
| Однос меѓу внатрешен и надворешен јавен долг | надворешен долг-65,7% внатрешен долг-34,3% | надворешен долг-66,3% внатрешен долг-33,7% | надворешен долг 65% внатрешен долг-35% |
| Однос меѓу долгот со фиксна и долгот со варијабилна каматна стапка | Долг со фиксна стапка-67,1% долг со променлива стапка-32,9% | Долг со фиксна стапка-67,7% долг со променлива стапка-32,3% | Долг со фиксна стапка-70-80% долг со променлива стапка-20-30% |
| Однос меѓу долгот во домашна и странска валута | Долг во домашна валута- 7,4% | Долг во домашна валута- 6,2% | Долг во домашна валута- 15-20% |
| Состојба на гарантиран јавен долг | 144,8 мил.ЕУР | 138,6 мил.ЕУР | 220 мил.ЕУР |

**При следење на реализацијата на таргетите и прикажување на податоците е користено националната методологија според која долгот на Централна банка не е дел од вкупниот јавен долг, а исто така не се вклучени и државните записи за монетарни цели. Додека податоците во преостанатиот дел од извештајот се прикажани исто така според националната методологија, но со вклучување и на долгот по основ на државните записи за монетарни цели (бидејќи и покрај фактот што се издаваат за потребите на монетарната политика, сепак примарен издавач е Министерството за финансии).*

2 Според последното известување од Светска банка фиксната маргина за кредитите во евра изнесува 0,07 проценти поени

# 2. Состојба на јавен долг

(во милиони ЕУР)

| | Q1 2006 | Q2 2006 | Q3 2006 | Q4 2006 | Q1 2007 | Q2 2007 | Q3 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **НАДВОРЕШЕН ЈАВЕН ДОЛГ** | **1.174,9** | **1.171,8** | **1.172,6** | **1.180,6** | **1.110,1** | **1.012,8** | **993,9** |
| Долг на општа Влада | 1.037,7 | 1.037,7 | 1.034,4 | 1.025,2 | 962,1 | 857,0 | 844,5 |
| Долг на централна Влада(консолидиран) | 1.037,7 | 1.037,7 | 1.034,4 | 1.025,2 | 962,1 | 857,0 | 844,5 |
| Централна Влада | 1.001,4 | 999,5 | 994,3 | 981,9 | 918,9 | 823,1 | 813,6 |
| Јавни фондови | 36,4 | 38,2 | 40,1 | 43,3 | 43,2 | 33,9 | 30,9 |
| Општини | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Централна банка | 51,8 | 47,8 | 47,3 | 42,4 | 38,1 | 0,0 | 0,0 |
| Јавни претпријатија | 137,2 | 134,1 | 138,2 | 155,4 | 148,0 | 155,8 | 149,5 |
| **ВНАТРЕШЕН ЈАВЕН ДОЛГ** | **660,5** | **642,7** | **673,6** | **651,2** | **686,8** | **662,9** | **608,7** |
| Долг на општа Влада | 660,5 | 641,2 | 672,1 | 648,4 | 684,2 | 660,5 | 606,6 |
| Долг на централна Влада | 660,3 | 641,0 | 671,9 | 648,2 | 684,2 | 660,5 | 606,6 |
| Структурни обврзници | 559,2 | 512,0 | 508,4 | 479,7 | 493,9 | 430,9 | 427,6 |
| Обврзница за санација на Стопанска банка | 26,6 | 21,3 | 21,3 | 21,3 | 21,3 | 0,0 | 0,0 |
| Обврзница за селективни кредити | 17,0 | 17,0 | 17,0 | 17,0 | 17,0 | 17,0 | 17,0 |
| Обв. за приватизација на Стопанска банка | 75,1 | 73,0 | 70,8 | 68,7 | 68,7 | 66,5 | 64,4 |
| Обврзница за старо девизно штедење | 306,5 | 280,9 | 280,4 | 254,9 | 254,9 | 229,4 | 229,4 |
| Обврзница за денационалнизација (I, II, III, IV, V и VI емисија) | 134,0 | 119,9 | 118,9 | 117,8 | 132,1 | 118,0 | 116,9 |
| Континуирани ДХВ | 101,1 | 129,0 | 163,6 | 168,6 | 190,3 | 229,6 | 179,0 |
| Од кои државни записи за монетарни цели | 22,9 | 43,6 | 77,2 | 75,9 | 92,0 | 134,1 | 104,5 |
| Општини | 0,2 | 0,2 | 0,2 | 0,2 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Централна банка | 146,3 | 110,6 | 121,8 | 155,3 | 185,6 | 247,7 | 268,0 |
| Јавни претпријатија | N/A | 1,5 | 1,5 | 2,8 | 2,6 | 2,4 | 2,1 |
| **ВКУПЕН ЈАВЕН ДОЛГ-Според Законот за јавен долг** | **1.835,5** | **1.814,5** | **1.846,2** | **1.831,8** | **1.796,9** | **1.675,7** | **1.602,7** |
| **БДП** | 5.046 | **5.046,2** | **5.046,2** | **5.046,2** | **5.456,0** | **5.456,0** | **5.456,0** |
| Просечен извоз | **1.913,5** | **1.913,5** | **1.913,5** | **1.913,5** | **2.122,4** | **2.122,4** | **2.122,4** |
| Надворешен долг како % од вкупен јавен долг | 64,0 | 64,6 | 63,5 | 64,4 | 61,8 | 60,4 | 62,0 |
| Домашен долг како % од вкупен јавен долг | 36,0 | 35,4 | 36,5 | 35,6 | 38,2 | 39,6 | 38,0 |
| Вкупен јавен долг како % од БДП | 36,4 | 36,0 | 36,6 | 36,3 | 32,9 | 30,7 | 29,4 |
| Вкупен јавен долг како % од просечен извоз | 95,9 | 94,8 | 96,5 | 95,7 | 84,7 | 79,0 | 75,5 |
| **Долг на општа влада** | **1.698,2** | **1.678,9** | **1.706,5** | **1.673,6** | **1.646,3** | **1.517,5** | **1.451,1** |
| Надворешен долг на општа Влада како % од долгот на општа Влада | 61,1 | 61,8 | 60,6 | 61,3 | 58,4 | 56,5 | 58,2 |
| Внатрешен долг на општа Влада како %од вкупниот долг на општа Влада | 38,9 | 38,2 | 39,4 | 38,7 | 41,6 | 43,5 | 41,8 |
| Долг на општа Влада како % од БДП | 33,7 | 33,3 | 33,8 | 33,2 | 30,2 | 27,8 | 26,6 |
| Долг на општа Влада како% од просечен извоз | 88,8 | 87,7 | 89,2 | 87,5 | 77,6 | 71,5 | 68,4 |
| Долг на општа Влада во странска валута како % од вкупниот долг на општа Влада | 91,5 | 90,0 | 88,2 | 87,6 | 86,1 | 83,8 | 86,5 |
| Каматни плаќања по основ на долг на општа Влада како % од приходи на општа Влада | 3,2 | 3,0 | 1,7 | 4,2 | 1,9 | 4,0 | 1,2 |
| **Вкупен јавен долг според ГФС методологија** | **2.033,6** | **1.972,9** | **2.015,2** | **2.029,5** | **2.020,6** | **1.923,4** | **1.870,7** |
| Надворешен јавен долг како % од вкупен јавен долг | 60,3 | 61,8 | 60,5 | 60,3 | 56,8 | 52,7 | 53,1 |
| Внатрешен јавен долг како % од вкупен јавен долг | 39,7 | 38,2 | 39,5 | 39,7 | 43,2 | 47,3 | 46,9 |
| Вкупен јавен долг како % од БДП | 40,3 | 39,1 | 39,9 | 40,2 | 37,0 | 35,3 | 34,3 |
| Вкупен јавен долг како % од просечен извоз | 106,3 | 103,1 | 105,3 | 106,1 | 95,2 | 90,6 | 88,1 |

*Извор:Мф и НБРМ*

## 2.1. Структура на јавниот долг

Движење на внатрешниот и надворешниот јавен долг




*Извор:Мф*

Каматна структура на вкупниот јавен долг




Извор:Мф

Валутна структура на вкупниот јавен долг




*Извор:Мф*

Пазарен/непазарен јавен долг
заклучно 30 јуни 2007




Пазарен/непазарен јавен долг
заклучно 30 септември 2007




*Извор:Мф*

*Извор:Мф*




*Извор:МФ и НБРМ*




*Извор:МФ и НБРМ*




*Извор:МФ*

## 2.2 Индикатори за ризик на портфолиото на јавниот долг

| Просечно време на достасување – АТМ (во години) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2006 | 31.03.2007 | 30.06.2007 | 30.09.2007 |
| Внатрешен јавен долг | 3,03 | 2,91 | 2,99 | 2,88 |
| Надворешен јавен долг | 8,98 | 9,22 | 9,60 | 9,39 |
| Вкупен јавен долг | 6,85 | 6,82 | 7,11 | 7,03 |

*Извор: МФ*

| Времетраење (Duration) на внатрешен јавен долг (во години) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 31.12.2006 | 31.03.2007 | 30.06.2007 | 30.09.2007 |
| Структурни обврзници | 2,92 | 2,73 | 2,45 | 2,26 |
| Континуирани ДХВ | 0,55 | 0,69 | 0,62 | 0,57 |
| Внатрешен јавен долг | 2,52 | 2,38 | 2,12 | 2,01 |

*Извор: МФ*

| Просечно време до рефиксирање- АТR (во години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 31.12.05 | 30.06.06 | 31.12.06 | 30.06.07 | 30.09.07 |
| Внатрешен јавен долг | 3,07 | 3,00 | 2,57 | 2,50 | 2,44 |
| Надворешен јавен долг | 7,18 | 6,20 | 7,12 | 7,92 | 7,56 |
| **Вкупен јавен долг** | **5,67** | **5,13** | **5,46** | **5,82** | **5,73** |

*Извор: МФ*

# 3. Повлечени средства по основ на надворешно и внатрешно задолжување

## Повлекувања по основ на кредити

| *Во милиони евра* | Q1-2007 | Q2-2007 | Q3-2007 |
|---|---|---|---|
| **Јавен сектор** | **7,23** | **27,01** | **12,39** |
| **Општа Влада** | **6,57** | **17,53** | **8,69** |
| **Централна Влада** | **5,12** | **14,73** | **3,08** |
| **Официјални кредитори** | **5,12** | **13,15** | **3,08** |
| **Мултилатерални кредитири** | **2,78** | **6,96** | **1,53** |
| ИБРД | 1,43 | 1,47 | 1,19 |
| ИФАД | 0,47 | 0,16 | 0,05 |
| ЦЕДБ | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| ЕБРД | 0,88 | 0,33 | 0,29 |
| ЕИБ | 0,00 | 5,00 | 0,00 |
| **Билатерални кредитори** | **2,33** | **6,19** | **1,54** |
| **Приватни кредитори** | **0,00** | **1,58** | **0,00** |
| **Јавни фондови** | **1,45** | **2,80** | **5,61** |
| **Официјални кредитори** | **1,45** | **2,80** | **5,61** |
| **Мултилатерални кредитири** | **1,45** | **2,80** | **5,61** |
| ИБРД | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| ЕБРД | 1,45 | 2,80 | 5,61 |
| ЕИБ | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **Јавни претпријатија** | **0,66** | **9,48** | **3,70** |
| **Официјални кредитори** | **0,54** | **9,39** | **3,70** |
| **Мултилатерални кредитири** | **0,54** | **2,74** | **3,70** |
| ИБРД | 0,03 | 2,20 | 2,98 |
| ЕБРД | 0,51 | 0,54 | 0,72 |
| **Билатерални кредитори** | **0,00** | **6,65** | **0,00** |
| **Приватни кредитори** | **0,12** | **0,09** | **0,00** |

*Извор:МФ и НБРМ*

## Нето емисија на континуирани државни хартии од вредност

| ***Во милиони ЕУР*** | Q1-2007 | Q2-2007 | Q3-2007 | Вкупно Q1-Q3-2007 |
|---|---|---|---|---|
| Нето издадени континуирани државни хартии од вредност | 17,69 | 42,49 | -48,97 | 11,21 |
| 3-месечни ДЗ | 9,30 | 40,72 | -35,28 | 14,74 |
| 6-месечни ДЗ | 1,78 | -0,75 | -11,04 | -10,01 |
| 12-месечни ДЗ | 2,52 | -1,24 | -2,65 | -1,37 |
| 2-годишна ДО | 4,08 | 0,24 | | 4,32 |
| 3-годишна ДО | | 3,52 | | 3,52 |

*Извор:МФ*

# 4. Сервисирање на вкупниот јавен долг

*Извор:Мф и НБРМ*




# 5. Гарантиран јавен долг




*Извор:МФ и НБРМ*

# 6. Примарен пазар на државни хартии од вредност

## Аукции на државни хартии од вредност во Q2-2007

| | Резултати од аукции на ДХВ за Q3- 2007 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | | | | |
| | DZ2007/13-91 | DZ2007/14-91 | DZ2007/15-91 | DZ2007/16-91 | DZ2007/17-91** | DZ2007/18-91 |
| *ISIN код* | MKMINFDZ7132 | MKMINFDZ7140 | MKMINFDZ7157 | MKMINFDZ7165 | MKMINFDZ7173 | MKMINFDZ7181 |
| *Денови на достасување* | 91 | 91 | 91 | 91 | 91 | 91 |
| *Дата на аукција* | 10.07.2007 | 24.07.2007 | 07.08.2007 | 21.08.2007 | 04.09.2007 | 18.09.2007 |
| *Дата на достасување* | 10.10.2007 | 24.10.2007 | 07.11.2007 | 21.11.2007 | 15.12.2007 | 19.12.2007 |
| *Максимална каматна стапка* | 5,50 | 5,50 | 5,49 | 5,49 | / | 4,00 |
| *Минимална каматна стапка* | 4,98 | 4,98 | 5,00 | 5,09 | / | 3,49 |
| *Просечна каматна стапка* | 5,41 | 5,47 | 5,41 | 5,40 | / | 3,71 |
| *Просечна цена* | 98,6503 | 98,6371 | 98,6504 | 98,6526 | / | 99,0698 |
| *Понуда* | 1.395.000.000 | 2.100.000.000 | 1.750.000.000 | 1.500.000.000 | 2.100.000.000 | 2.100.000.000 |
| *Побарувачка* | 1.820.890.000 | 1.852.270.000 | 1.825.220.000 | 1.715.340.000 | / | 415.000.000 |
| *Реализација* | 1.395.000.000 | 1.837.270.000 | 1.750.000.000 | 1.500.000.000 | / | 415.000.000 |
| *Реализација на конкурентни понуди* | 1.390.200.000 | 1.837.270.000 | 1.750.000.000 | 1.500.000.000 | / | 415.000.000 |
| *Реализација на неконкурентни понуди* | 4.800.000 | 0 | 0 | 0 | / | 0 |
| *Процент на неконкурентни понуди* | 1 | 1 | 1 | 1 | / | 1 |
| *Bid to cover ratio** | 1,31 | 1,01 | 1,04 | 1,14 | / | 1 |
| *Доставени понуди* | 43 | 30 | 45 | 46 | / | 10 |
| *Прифатени понуди* | 42 | 27 | 43 | 44 | / | 10 |

| | Резултати од аукции на ДХВ за Q3- 2007 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6 месеци | | | 12 месеци | | 2 години | 3 години |
| | DZ2007/07-182 | DZ2007/08-182 | DZ2007/09-182** | DZ2007/04-364** | DZ2007/05-364 | DZ2007/05-0809** | DO2007/06-0910 |
| *ISIN код* | MKMINFDS7073 | MKMINFDS7081 | MKMINFDS7099 | MKMINFDY7042 | MKMINFDY7059 | MKMINF20G093 | MKMINF20G0101 |
| *Денови/години на достасување* | 182 | 182 | 182 | 364 | 364 | 2 години | 3 |
| *Дата на аукција* | 10.07.2007 | 07.08.2007 | 04.09.2007 | 24.07.2007 | 18.09.2007 | 23.08.2007 | 20.09.2007 |
| *Дата на достасување* | 09.01.2008 | 06.02.2008 | 05.03.2008 | 23.07.2008 | 17.09.2008 | 27.08.2009 | 24.09.2010 |
| *Максимална каматна стапка* | 5,69 | 5,69 | / | 0,00 | 5,20 | / | 0,00 |
| *Минимална каматна стапка* | 5,18 | 5,29 | / | 0,00 | 5,00 | / | 0,00 |
| *Просечна каматна стапка* | 5,56 | 5,54 | / | 0,00 | 5,13 | / | 0,00 |
| *Просечна цена* | 97,2650 | 97,2739 | / | 0,0000 | 95,0706 | / | 0,0000 |
| *Купонска каматна стапка* | - | - | - | - | - | | |
| *Понуда* | 200.000.000 | 200.000.000 | 200.000.000 | 100.000.000 | 600.000.000 | 100.000.000 | 200.000.000 |
| *Побарувачка* | 416.070.000 | 331.710.000 | / | 0 | 119.500.000 | / | 0 |
| *Реализација* | 200.000.000 | 200.000.000 | / | 0 | 119.500.000 | / | 0 |
| *понуди* | 200.000.000 | 200.000.000 | / | 0 | 119.500.000 | / | 0 |
| *Реализација на неконкурентни понуди* | 0 | 0 | / | 0 | 0 | / | 0 |
| *понуди* | 1 | 1 | / | 1 | 1 | / | 1 |
| *Bid to cover ratio* | 2,08 | 1,66 | / | 0 | 1 | / | 0 |
| *Доставени понуди* | 15 | 15 | / | 0 | 9 | / | 0 |
| Прифатени понуди | 13 | 15 | / | 0 | 9 | / | 0 |

* овој коефициент ја прикажува покриеноста на реализацијата со побарувачката

**поништена аукција

*Извор:МФ*




*Извор:МФ*

# 7. Секундарен пазар на државни хартии од вредност

## *7.1 Македонска Берза*




*Извор: МФ и Македонска берза*




*При пресметките се користени просечните средни цени на последниот ден на тргување во соодветниот месец*
*Извор:МФ*

## *7.2 Пазар преку шалтер*




*Извор:Мф*

# 8. Контакти

| Контакт лице | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| Маја Парнарџиева | Раководител на сектор за управување со јавен долг | 3106-103 | Maja.Parnargieva@finance.gov.mk |
| Сања Манасијевиќ Манчева | Раководител на Middle Office | 3106-324 | Sanja.Manasijevic@finance.gov.mk |
| Афердита Реџепи | Middle Office | 3106-327 | Aferdita.Redzepi@finance.gov.mk |
| Дејан Деспотоски | Middle Office | 3106-327 | Dejan.Despotoski@finance.gov.mk |